Виолета АЧКОСКА УДК: 323.1:342.51(487.7)„1944“

# ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ ЗА ВРЕМЕ НА ФОРМИРАЊЕТО НА ПРВАТА НАРОДНА ВЛАДА НА МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

*Првата Народна влада на Демократска Федерална Македонија се формира во услови на сложени меѓународни и внатрешно-политички односи. Во новата македонска држава, на дневен ред дојдоа „прашања кои ги засегаа односите на големите сојузници – решавањето на македонското национално прашање, како и комунистичката опција со која Југославија излезе од рамкиките на спогодбата Черчил-Сталин за поделба „фифти-фифти“ на сферите на влијание. На внатрешен план се одвиваат процеси на транзиција на политичкиот и стопанскиот систем. Зајакнува улогата на КП и централизмот во федерацијата, за сметка на републичките надлежности. Се јавуваат превирања околу наметната опција дека македонското прашање е конечно решено како југословенско. Посебна улога во овие процеси одигра првата Народна влада, со што започнува и нова етапа во развојот на ДФМ.*

***Клучни зборови:*** *МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ, ВЛАДА, ФЕДЕРАЦИЈА, РЕПУБЛИКА, СЕПАРАТИЗАМ, АВТОНОМИЗАМ, ЗАСЕДАНИЕ, ДЕКЛАРАЦИЈА.*

Првата Народна влада на Демократска Федерална Македонија (ДФМ)[1] се формира во услови на привршување на Втората светска војна на европско тло, како и во текот на завршните операции за дефинитивно ослободување на Југославија. Тоа е време во кое победниците од војната започнаа да ја пишуваат историјата! Но, набрзо се покажа дека длабокиот идеолошко-политички јаз кој постоеше помеѓу сојузниците во рамките на антихитлеровската коалиција тешко се премостува. Така, истата историја доби две димензии, две различни појдовни основи на толкување.

[1] Според актите со кои е фомирана, оваа влада се нарекува Народна влада на Македонија. (Закон за Народната влада на Македонија, ДАРМ, ф: 158.1.6/11-12).

Благодарение на огромниот авторитет стекнат со големите победи на Црвената армија СССР се наметна над голем дел од европскиот континет. Заедно со советските успеси, во редот на победничките народноослободителни движења предводени од комунистичките партии, стоеше антифашистичката народноослободителна борба на народите на Југославија, преводени од КПЈ. Наспроти стравот на големите западни сили од ширењето на комунизмот тој, сепак, постепено се ширеше низ Европа.

Иако живееше поделен во неколку балкански држави, македонскиот народ со своето учество на страната на антифашистичките сили во текот на војната, со право очекуваше целосно решавање на македонското национално прашање. Но, интересите на големите сили за поделбата на сферите на влијание, како и комунистичката стратегија за доминација на класното над националното, кое значеше класно ослободување и добивање социјални и национални права за Македонците во рамките на државите во кои живееја (т.е. се бореа), односно стратегијата на status quo на Балканот, го затворија решавањето на тоа прашање на штета на македонскиот народ. Сепак, во текот на 1944 и 1945 година, во времето кога дефинитивно се решаваше судбината на повеќе народи и земји, прашањето за обединување беше актуелно сред македонските борци, македонскиот народ и неговите национални дејци и видливо ги вознемируваше како сојузниците на големета антихитлеровска калиција, така и југословенското воено-политичко раководство и Јосип Броз Тито како врховен командант на силите на НОВЈ и политички секретар на КПЈ.

Стравот од повторната националистичка експанзија, шовинизам и братоубиствена војна, потребите од брза обнова на разрушеното стопанство итн. во тие денови биле основните мотиви што го поттикнале Тито за определбата да се гради силна сојузна држава односно конституирање на државен централистички систем. Меѓутоа, никако не би можеле прашањето да го сведеме само на тие причини, зашто за таквата определба секако придонесле и меѓународниот фактор кој ја подржувал кралската влада на прва Југославија; мошне значајно, а за западните сојузници опасно прифаќањето на советскиот модел на општествено-економскиот и политичкиот развој, како и самата природа на раководниот субјект на југословенската револуција – КПЈ која функционирала во духот на коминтерновскиот монолитизам, со силен директивен центар, изразен во Политбирото на ЦК и во самиот Јосип Броз. На ваквите текови на

југословенската револуција се спротивставуваат оние национални сили во рамките на секоја федерална единица кои барале поинаков однос федерација-република, односно поголема државна самостојност во однос на централните органи (Словенија, Хрватска, Македонија).

* * *

Федерална Демократска Македонија беше дефинитивно ослободена од окупаторските сили на 19 ноември 1944 г. Еуфоријата од победата и од стекнатата македонска национална држава, и покрај тешките последици од војната, се чуствува на секој чекор. Комунистичката партија, како раководна сила во антифашистичката борба, ги зацврснува своите позиции, наспроти приврзаниците на другите политички опции. Партиските органи на теренот спроведуваат силна агит-пропагандна дејност чија основна содржина е истакнувањето на стекнатата национална рамноправност и слобода на македонскиот народ, неговиот восхит за градење на сопствена држава. Притоа, прашањето за обединувањето се поставува повеќе од аспект на пропагандни цели, без сериозно да се смета на истото, заради констелацијата на меѓународните сили. Федералните органи преку македонските партиски структури ја пропагираа идејата дека македонското прашање дефинитивно е решено со одлуките на АВНОЈ, односно како југословенско[2]. Таквата пропаганда беше во функција на пренасочување на македонската национална свест кон југословенската, односно кај Македонците да се истисне идејата за обединување како спротивна на британските интереси на Балканот.

Настојувајќи да ја сочуваат монолитноста на револуционерната КПЈ, пројугословенски ориентираните македонски комунисти, наспроти државните органи (Президиумот на АСНОМ ,

[2] До доаѓањето на Светозар Вукмановиќ-Темпо во Македонија при крајот на февруари 1943 година и речиси до неговите писма од август истата година, основна карактеристика на партиските документи и материјали е во третирањето на македонскиот народ како еден од слободољубивите балкански народи, а разрешувањето на македонското национално прашање како балканско прашање, а не исклучително југословенско прашање. Со учеството во антифашистичката борба, македонскиот народ треба да си го извојува правото на самоопределување во духот на Атланската повелба. Но, во неговите писма и извештаи од 8-ми и 10-ти август 1943 година се критикува „скршнувањето" на македонските комунисти во однос на општата линија на КПЈ. Тој бара задолжително исфрлање на паролата „за ослободување и обединување на македонскиот народ во братска заедница со другите народи на Југославија..." (Види: *Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1944*, Том I, книга 2, Скопје 1968, док. 38, док. 39, док. 40).

неговите поверенства итн,) ја прифатија политиката на централизација на федерацијата, спроведувана од Политбирото на ЦК КПЈ. Во рамките на таквите определби, до израз дојдоа две противречни појави: на едната страна е протестот на Македонците против делумно решеното македонско прашање, а на другата, појавената недоверба на југословенскиот врв кон македонското државно раководство[3].

Неколку моменти беа пресудни во поцврстото врзување на републиката кон федерацијата, во периодот непосредно пред формирањето на Првата народна влада, која во извесна смисла е пресвртница во тој процес. Во тие рамки се вршеше засилено инкорпорирање на македонската војска во југословенската, но, и потчинување на воената и државната структура на партиската.

Во функција на поцврстото врзување на ДФМ кон федералните органи, следеа обмислените критики на работата на Президиумот на АСНОМ (формиран на 2 август 1944) кој како највисоко извршно, законодавно и претставничко тело на македонскиот народ вршеше функција и на влада. Така, на внатреполитички план веќе се оформувал судирот помеѓу македонскиот автономизам (и „сепартизам“)[4] и југословенскиот централизам олицетворен во делегатот на ЦК КПЈ – Светозар Вукваловиќ – Темпо и неговите приврзаници во врвовите на КПМ, пред се Лазар Колишевски. Покажаниот сомнеж во македонските кадри и во членовите на Президиумот на АСНОМ кои не биле подготвени за слепо спроведување на централните директиви несообразени со македонските национални интереси, се изроди во партиски наметнатото создавање на Работно тело на Президиумот на АСНОМ[5]. Работното тело, избрано на седницата

---

[3] Така, Политбирото на ЦК КПЈ, повеќекратно расправа за држењето на македонските кадри. На седницата од 21 март 1945 година, околу „изградбата на социјализмот“ во Македонија, на која реферирал Миха Маринко за состојбите во ДФМ, Александар Ранковиќ го оценил Лазар Колишевски како најсигурен во Македонија и дека тука „постојано“ треба да имаат сигурен „другар“. (Dragan Kljakić, *Sovjetizacija Balkanske zone, Ispovest Lazara Koliševskog*, Beograd 1992, 115.)

[4] A CK SKJ, CK SKOJ-a, III, c/8, Centralnom komitetu SKOJ-a, Beograd, br. 553, 7.11.1945 (izveštaj na Zaga Umićević)

[5] Формирањето на Работното тело претставувало отстапување од одлуките на АСНОМ, бидејќи такво тело не „беше предвидено во решенијата, ниту пак во другите документи од АСНОМ. Такво тело не беше основано ниту при НКОЈ се до неговото официјално укинување“, пред формирањето на владата Тито-Шубашиќ. „Со неговото формирање се отстапи од решението на АСНОМ, според кое Президиумот како целина требаше да ја врши извршната власт. Такво отстапување, за кое секако имаше и политички причини, создаде извесен преседан“ (Новица Велјановски, *Историското значење на Првото заседание на АСНОМ*, „Историја“, Скопје, 1994/XXX, бр. 1-2, 17)

на Президиумот од 22 јануари 1945 година, наводно се формирало заради „решавање на тековните-секојдневни работи“. На тој начин суштински дојде до тивко преземање на извршната власт од делокругот на Президиумот во делокругот Работното тело, раководено од потпреседателот на Президиумот и секретарот на ЦК КПМ, Лазар Колишевски. Тоа истовремено значеше и потчинување на државната структура на партиската при што целокупниот општествено-политички живот беше под контрола на партиската комунистичка власт.

Особено болно прашање околу кое се кршеа копјата на спротивностите помеѓу проекциите на Политибирото на ЦК КПЈ и македонските национални дејци беше прашањето за повторното обединување на македонскиот народ, без оглед на ширината и формата на федерацијата. За жал вaквите македонски стремежи се оценуваа како напад врз југословенското братство и единство и рушење на авнојските решенија со кои се сметаше дека е решено и македонското прашање. Затоа, мошне драматично беше разрешена побуната на војниците во гарнизоните во Скопје и Штип (7 и 14 јануари 1945) кои бараа да се помогне борбата на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија наместо да бидат упатени на Сремскиот фронт. Во текот на побуните бил јасно искажан ставот дека една од целите на борбата на македонскиот народ е интегралното решавање на македонското прашање[6]. Македонскиот народ, во залог на новата Југославија требаше да даде жртви за нејзиното ослободување и на тој начин да го зајакнува братството и единството со југословенските народи[7]. Во името на таа цел, но и да се смири притисокот кон југ и да не се загрозуваат британските интереси во Грција, Петнасетиот македонски народноослободителен ударен корпус беше спроведен на Сремскиот фронт, под паролата: „На Берлин“. На 1 март 1945 година била објавена одлуката на Повереноството за народна одбрана на ДФЈ со која НОВЈ добива назив Југословенска армија, а ВШ се преименува во Генералштаб на ЈА. На 12 април 1945 г., неколку дено-

---

[6] Без оглед на поинакви политички оценки, редакторите на објавените документи *Настаните на Скопското кале*, во предговорот се децидни дека немирите „се тесно поврзани со прашањето за целосно обединување на Македонија“, меѓутоа се согласуваат со тоа дека не било можно да се спротивставaт на британскиот интерес во Грција, зацврстен со договорт во Москва меѓу Черчил и Сталин во октомври 1944 година (Види: *Настаните на Скопското кале на 7 јануери 1945 година*, Документи, АМ, ИНИ, Матица Македонска, Скопје 1997, 6-7).

[7] Види поопширно: Виолета Ачкоска, Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во современата македонска историја,* Макавеј, Скопје 2005, 147-158.

ви пред изборот на првата Народна влада, бил пробиен Сремскиот фронт[8].

Веднаш по овие побуни, следува егзекуцијата на повеќе македонски граѓани, во рамките на расчистувањето на новата власт со помагачите и учесниците во злосторства на окупациските сили во Македонија за времето на војната. Во тоа време, во широка употреба бил поимот „соработник на окупаторот", при што овој термин е мошне флексибилно толкуван. Така, освен оние што навистина се ставиле на услуга на извршната, полициско-управната окупаторска власт и биле учесници или соучесници на злодела против својот народ, на удар биле ставени и оние што имале поинакви политички погледи[9]. Нормално е сторителите на воени злосторства да бидат казнети и тоа го прави секоја држава. За среќа во Македонија не постоела таква организирана и бројна сила спротивна на антифашистичката НОБ, освен соработката на албанските балистички и други групи со италијанската фашистичка окупациона власт во западниот дел на Македонија и со германските воени сили, како што е случајот во други делови на Југославија каде се водела крвава граѓанска војна.

Во рамките на секојдневното расчистување со „народните предатели", а во услови кога сè уште не било заживеано легалното судство, се случиле повеќе ликвидации на граѓани, меѓу кои помасовни во Велес, Куманово и Ресен. Овие ликавидации беа табу теми за македонската историографија, а со децении не се знаеја местата на масовните гробници. Со бројноста и трагичноста на чинот се одделува ликвидацијата во Велес и Велешко, извршена без судски од-

---

[8] Загубите на Петнаесеттиот МНО корпус на Сремскиот фронт изнесуваат, приближно: 1.674 загинати, 3.400 ранети и 378 исчезнати борци и старешини.

[9] Во печатот од овој период посебно внимание и простор им е посветено на судските процеси (најчесто јавни заради пропаганда) на кои од страна на Воените судови биле судени воените злосторници и помагачи на окупаторот. Притоа поименично се наведуваат сите осудени заради посилно подгревање на атмосферата и добивање поддршка од народот. Со впечатливи написи во „Нова Македонија", сред народот се врши пропаганда за ликвидирање и откривање на злосторниците, како на пример: „Издајниците и народни непријатели ги стигнуе заслужена казна-првите пресуди на Војниот суд на Скопската област" (среда, 27 декември 1944 година); „Во Тетовско се осудија народните непријатели" (четврток, 19 април 1945 година); „Илјаден народ се собра на плоштадот да го искаже еднодушно своето отвраштение од делата на Китинчевци, Чкатровци, Робевци, Коцаревци и др. народни предатели на кои не им потперија крвавите раце при убивањето и мачењето на најдобрите народни синови" (вторник, 13 февруари 1945); „Бившиот охридски кмет Илија Коцаре пред народниот суд" (вторник 10 април 1945); „Судење на народните издајници, контрачетници и помагачи на окупаторот во Штип" (недела, 11 февруари 1945); „Големиот претрес во Битола" (вторник, 27 февруари 1945); „Судење на 14 воени злочинци во Скопје" (сабота, 17 март 1945) итн.

луки и без знаење на највиската државна власт во ДФМ – преседателот на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов – Ченто и повереникот за внатрешни работи Кирил Патрушев. Затворениците биле во надлежност на Одделението за заштита на народот (ОЗН), а тоа било под директна контрола на сојузната ОЗН при Националниот комитет на ДФЈ. Притоа, републичкото ОЗН работата ја координирало со партиската[10], а не со државната власт[11]. Ваквиот тек на настаните е само вовед во целосното елиминирање на легалното македонско државно раководство како извршна власт и воспоставувањето на партиско-полициската власт без почитување на правната држава.

Истовремено биле планирани натамошни ликвидирања по кратка постапка и во други градови на ДФМ, за што била организирана екипа на ОЗН[12]. Со брзата интервенција на Ченто до сојузните органи, постапката била сопрена. Но, за жал, принципиелниот став на Ченто за почитување на правната држава, набрзо ќе биде изложен на жестока критика. Меѓу другото, неговиот говор на 15 април 1945 г. на Третото заседание на АСНОМ, да не се дозволи стрелања без судења, само два дена потоа, првиот претседател на Народната влада, Лазар Колишевски, ќе го искористи за етикетирање и дисквалификација на Ченто, наводно дека ги подржува предавниците[13]. Истото

---

[10] Расправајќи околу расчистувањето со „класниот непријател", ЦК КПМ смета дека „правилно се постапило во Велес и Куманово со пресудите, само требало политички да се исползува...". (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-1, Записник, 19.2.1945). Инаку постоела посебна режија при која секое судење на „народните предатели" се искористувало во пропагандни цели: со револуционерна иконографија, со ангажирани викачи да ја распалуваат публиката, со добро изнудени признанија во истражната постапка, со „подобни" и „инструирани" сведоци итн..

[11] Откако Ченто побарал објаснување од Колишевски, овој му се извинил зошто порано не го информирал, но „тоа е, како да речам, се правдал Колишевски, по налог на Кардељ" (по Второто заседание на АСНОМ). Кардељ бил наводно изненаден колку малку жртви паднале во Македонија во споредба со другите краишта на Југославија, па „за да се потврди сликата која е создадена кај сојузниците треба од ОЗН-а нечујно, сите затвореници да бидат стрелани". Колишевски бил изненаден од негодувањето на Ченто, бидејќи „партијата се сложува сите народни непријатели да се ликвидираат" (Илија Андонов – Ченто, *Мојот татко - Методија Андонов-Ченто*, Македонска радиотелевизија – Македонско радио, Скопје 1999, 281).

[12] Ченто бил многу вознемирен од објаснувањето на Колишевски, кој ги оправдувал ликвидациите, дека сето тоа произлегло од забелешката на Е. Кардељ дека Македонија дала малку жртви. Притоа, Ченто забележал дека „едно е да се судат, друго е да се осудат, а трето е да се стрелаат ако нивните жалби не бидат усвоени од највисок орган. Но, да се стрела без пресуда, само за да има повеќе жртви, исто така е злосторство". Притоа, Колишевски го успокоил: „што се однесува за пресуди, пресуди ќе бидат напишани" (Исто, 280-281). И навистина пресудите биле напишани постхумно.

ќе биде злоупотребено и во монтираниот процес против Ченто во 1946 г.

Следејќи го внимателно расположението на народот и однесувањето на повеќе македонски дејци во првите повоени години, низ повеќе извештаи на централните партиски кадри по нивните обиколки низ Македонија, се нагласува дека мнозинството од македонскиот народ ја прифаќа новата власт и покрај присутните поинакви опции по прашањето за остварување на државноста на македонскиот народ. Притоа, се бележи судар на две струи – „пројугословенска" и „промакедонска" кои биле со различни нијанси на приближување и оддалечување во однос на државотворниот статус на Македонија.

Во рамките на прогласената „промакедонска" линија, покрај помалите групи во некои македонски градови, Политбирото на ЦК КПМ сериозно го претресува проблемот за постоење на „антипартиска" група во нејзините редови, група која со својата „линија" оди против партиската линија и има свои независни ставови по одделни прашања[14]. Потеклото на таа внатрепартиска група, чие јадро го сочинувале: Михајло Апостолски, Димитар Влахов, Методи Андонов – Ченто, Лазар Соколов, Венко Марковски, Петре Пирузе – Мајски, Емануел Чучков, Павел Шатев, Крсте Гермов (Шакир војвода), Киро Глигоров, се поврзувало со приговорите на Манифестот на Главниот штаб (1943), но и со спротивставувањето на Ченто и на повеќето членови на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ околу наметнување на некои кадри во составот на првиот Президиум на АСНОМ. Тука, мошне јасно се покажало настојувањето на ЦК КПЈ и особено на српските кадри да имаат контрола над националното раководство во Македонија, така што

---

[13] Изрекувајќи бројни критики во однос на работата на некои членови на Президимот, Колишевски нагласува: „Одделни поединци, пак под маската на демократијата и како големи македонски „патриоти", а всушност прикриени агенти на фашизмот, се обидуваат „добронамерно" да ја критикуваат нашата политичка линија по однос на казнувањето на воените злочинци, саботерите и шпекулантите..." (Лазар Колишевски, *Основната опасност за братството и единството на нашите народи е сепаратизмот, „Аспекти на македонското прашање"*, Култура, Скопје 1962, 23).

[14] Организациите на КПМ, мошне често, го претресуваат прашањето на „сепаратизмот и автономизмот", при што, во една прилика, говорејќи за антипартиската група „која постои во нашата партиска организација и води борба против линијата на нашата партија", Цветко Узуновски Абас ја критикува „појавата на скретање во нашата Партија, првенствено по националното прашање и појавата на групаштво во нашите организации". (ДАРМ, ф: ЦК СКМ, Организационо-инструктивно одделение, к-1, а.е. 65, Записник од состанок на секретарите на окружните комитети, 18.8.1945).

нема да дозволат било какви други ставови и политика освен онаа на Политбирото на ЦК КПЈ[15].

На економски план се спроведува обновата на земјата и на стопанскиот живот. Со цел да воспостави целосна контрола над производството и распределбата (а со тоа да го зацврсне и својот монопол на политичката власт), КП презема радикални промени на сопственичките односи кои се одвиваат низ неколку фази. Притоа, специфичноста на промената на сопственичките односи се состоела во тоа што таа започнала да се остварува пред спроведувањето на формална национализација, преку мерките на конфискација на имотите на противниците на НОВ и врз база на секвестар над имотите кои окупаторските власти присилно ги отуѓиле.

Одземањето на приватната сопственост, најпрво се одвива по пат на прогласување непријатели на НОБ, па воени профитери - „воени богаташи", потоа непријатели на народната власт т.н. класни непријатели (селска и градска буржоазија) итн. Низ бројни процеси, или без нив, покрај конфискации биле вршени и одделни ликвидирања на дел од споменатите категории на граѓани, и тоа, не според законски прекршок, туку според слободна проценка за општествената штетност што своеволно ја давал некој од кадрите на Партијата или на ОЗН.

Така, првата Народна влада на Федерална Македонија се формира во услови на мошне сложени меѓународни и внатрешнополитички односи. На европската историска сцена, тоа беа денови на завршните борби против германскиот нацизам истовремено проследени со калкулациите на големите сили за повоеното уредување на светот и определување на сферите на влијание. На југословенско тло, тоа беа денови кога беше пробиен Сремскиот фронт и силите

---

[15] Уште, при договорите на ИО на АСНОМ, околу составот на Президиумот, Страхил Гигов предложил во неговиот состав да влезе и Видоје Смилевски, како „голем" и „докажан" комунист. Ченто веднаш се спротиставил на ова кадровско решение, сметајќи дека човек кој не е роден во Македонија не може да биде во највисокото раководство на македонската држава. Речиси сите членови на ИО гласале против предлогот на Гигов (Соколов, Апостолски, Полежина, Глигоров). Во создадениот спор се замешал директно и Светозар Вукмановиќ – Темпо, со арогантен став кон Ченто, „како еден Бато не го примаат во Президиумот". Со својствената достоинственост и смелост, Ченто децидно му кажал на Темпо дека тој не е член на ИО и дека нема право да им се наложува. По ваквиот „тврд" став на Ченто, уште истата вечер била формирана партиска комисија за испитување на националистичките испади на членовите на ИО за свикување на АСНОМ. Другиот ден сослушувањето го вршел Видое Смилевски – Бато, кој сè уште не го говорел македонскиот јазик. Ченто бил казнет со укор пред исклучување од Партија. (Сеќавања на Киро Глигоров, снимени на лента, 20.4.1999).

се насочуваа кон расчистување со евентуалната внатреполитичка опозиција на комунистите, но, мошне внимателно заради потребата од меѓународно признавање на авнојска Југославија. Затоа и првото расчистување со „непријателите" се спроведуваше врз основа на односот на одделни сили и поединци кон НОБ како носител на антифашитичката борба.

Првата Народна влада на ДФ Македонија, на чело со Лазар Колишевски како нејзин претседател, е избрана на 16 април 1945 година[16], во рамките на одржувањето на Третото заседание на АСНОМ (14-16 април 1945) кое, низ литературата и документите се именува и како Второ вонредно заседание. Во рамките на истото поднесен е извештај за дотогашната осуммесечна работа на Президиумот, при што под превезот на општи формулации биле критикувани одредени асномски кадри кои во понатамошниот тек на настаните ќе бидат елиминирани од македонската политичка сцена.

За ова, последно заседание на АСНОМ, битни се неколку работи: 1. поделба на законодавната и извршната власт, 2. избор на првата Народна влада на Македонија, 3. прераснување на АСНОМ во Народно собрание на Македонија[17] и 4. донесување на повеќе законодавни решенија.[18] Владата била избрана врз основа на Законот за изменување и дополнување на Решението на АСНОМ од 15 април[19] и Законот за Народната влада на Македонија, донесен од Народното собрание на 16 април 1945 година[20]. Со овие законски акти било констатирано дека е потребно воспоставување на Народна

[16] Првиот состав на Владата го сочинуваа: претседател – Лазар Колишевски, потпретседатели – Љупчо Арсов и Абдураим Мехмед и 10 министерства и министри: за внатрешни работи – Киро Петрушев, судство – д-р Павел Шатев, просвета – Никола Минчев, финансии – Љупчо Арсов, индустрија и рударство - Страхил Гигов, трговија и снабдување - Тоде Ноќпал, земјоделство и шумарство – Богоја Фотев, социјална политика – д-р Неџат Аголи, народно здравје – д-р Вукадин Попадиќ и градежништво – Георги Василев (*Указ на Президиумот на Народното собрание на Македонија за именување на Народна влада на Федерална Македонија*, *„Прва влада на Македонија", Документи*, АМ, Скопје 1995, 8-9). Подоцна било воведено и министерство за труд чие именување е извршено со Законот за именување и дополнување на Законот за народната влада на Македонија (*Службен весник на НРМ*, 23/1946). Во составот на Владата влегле и претседателите на Планската и Контролна комисија како и еден министер без ресор (Член 80 од Устав на Народна република Македонија, Службен весник на НРМ, 1/1947).

[17] Види: *„Прва влада на Македонија", Документи*, АМ, Скопје 1995, док. бр. 1, стр. 3.

[18] *Вчера се откри ванредното заседание на АСНОМ* „Нова Македонија", год. II/88, 15.4.1945.

[19] Д-р Александар Т. Христов, *Владата на Народна Република Македонија политичко извршните и управните органи*, ИНИ, Скопје 1977, 39.

[20] *Првата Народна влада на Македонија, 1945 - 1985*, Скопје 1985, 36-39.

влада на Македонија заради постигнатиот степен на средувањето на внатрешните прилики, при што особено се истакнува зацврстувањето на народната власт.

Законот за народната влада на Македонија ги поставил основите на законската регулатива за конституирањето и функционирањето на владата: ги утврди основите на нејзината организациона поставеност и поставеноста на органите на управата, начинот на нејзината работа и функционирањето како државен орган, односите со Народното собрание итн.[21]. Според овој Закон, Народната влада е врховен, извршен и наредбодавен орган на државната власт на Федерална Македонија. Владата ја именува Президиумот на Народното собрание на Македонија и таа за својата работа е одговорна пред Народното собрание на кое му поднесува и извештај за својата работа[22].

Чинот на одржувањето на Третото заседание на АСНОМ и изборот на Народната влада низ системот на развиена агитација и пропаганда (агит-проп) беа искористени за подигање на патриотскиот дух на масите од македонскиот народ и националностите и за здобивање на нивна поголема подршка на патот на остварувањето на зацртаните општествено-економски промени[23].

Веднаш по нејзиниот избор[24], Владата поднесе Декларација во која ги изнесе програмските цели и задачи коишто стојат пред неа.

---

[21] Законот, меѓу другото пропишува дека по формирањето на Народната влада, Президиумот на АСНОМ престанува да ги врши оние работи кои му беа привремено доделени во надлежност како носител на функциите на владата, па тој сега исклучиво ги врши оние функции што му припаѓаат меѓу двете заседанија на Народното собрание на Македонија и определени функции што ги врши во својство на претставник на државниот и народниот суверенитет на федерална Македонија.

[22] Д-р Александар Т. Христов, *Владата*, ..., 39.

[23] Така, на 16 април, во Скопје „настанаја големи манифестации. Манифестациите започнаја во 6 часот и продолжија до десетте вечерта. Низ улиците на градот минаа манифестантите акламирајќи ја својата приврзаност кон првата Народна македонска влада. Манифестациите се претворија во вистинска народна веселба..." (*Сенародни манифестации во Скопје*, „Нова Македонија", год. II/89, 17.04.1945). Формирањето на првата Народна влада било проследено и со бројни честитки на работниците и селаните, фронтовците и младината, такашто печатот од овој период изобилува со телаграми и честитки на колективи, групи, организации и поединци, кои заради нивната бројност нема посебно да ги наведуваме.

[24] Членовите на народната влда при стапувањето на должноста ја поднеле следнава заклетва: „Ја Н.Н., се колнам во честа на својот народ, дека верно и безуморно ќе служам на народот, дека своите должности по законот ќе ги вршам совесно и непристрастно, чувајќи и бранејќи ги тековините на народноослободителната борба – за срекја и напредок на Македонија и Демократска федеративна Југославија". (Чл. 9 од Закон за Народна влада на Македонија, ДАРМ, ф.: 158.1.6/11-12; Објавен: *Прва Народна влада на Македонија, 1945-1985,* Скопје 1985, 38-39).

Стилот и содржината на самата Декларација носат печат на времето и условите во кои е создадена. Притоа се потенцира братството и единството на југословенските народи „искована во заедничката борба против окупаторот" и се покажува „длабока љубов и приврзаталност кон братската Црвена армија" и Советкиот сојуз за нивните жртви во борбта против фашизмот[25].

Народната влада, меѓу другото, ја изнесува својата определба дека ќе се бори за „остваруењето внатрешно единство меѓу сите народности: Шкиптари, Турци, Власи, Евреи и други..." и дека ќе биде противник на сите појави на шовинизам и сепаратизам, против сите оние „што не ја признаваат националната самобитност на македонскиот народ". Во рамките на шовинистичките појави присутни во текот на 1945 година, во Декларацијата се набројуваат припадници на големосрбите, големобугарите и големоалбанците, т.е сите оние коишто не сакале признавање на македонската нација и остварена државност[26].

Во рамките на конкретните барања и потреби што ги наметнувал во тие услови самиот живот, т.е. ситуацијата на теренот – опустошеност од војната и недостаток на основни прехранбени и други животни потреби, како прва и најосновна задача Народната влада ја поставува обновата на стопанството од што во голема мера ќе зависи и „подигањето на животниот стандард на широките народни маси". Реализацијата на стопанската обнова се темели врз изработка на еден општ стопански план и врз систематско развивање на државен стопански сектор, покрај давање иницијативи на приватниот сектор, во рамките на обновата на земјата. Потребните средства за финансирање на стопанската обнова се базирале врз основа на помошта на сојузниците и на „општиот стопански план од Единствената југословенска влада". Покрај залагањето дека за обновата треба да придонесат сите луѓе во државата „според можностите", присутен е и еден „класен" пристап дека обновата „нарочито требе да ја поднесат тие што не участвувале во борбата и се богателе за сметка на намачениот народ"[27]. Тука всушност се гледа селективниот однос на

---

[25] *Декларација на првата Народна влада на Федерална Македонија*, „*Првата Народна влада на Македонија*"..., 58-62.

[26] Лазар Колишевски, *Како треба да се бориме против шовинизмот*, Завршна реч по дискусијата за политичката ситуација на Земската конференција на ЕНОФ, „Нова Македонија", год. II/155, 5.7.1945.

[27] *Прва влада на Македонија*, Документи, АМ, Скопје 1995, док. бр. 5, 13.

Владата кон различните категории население, при што помал терет од обновата би требало да поднесат борците и учесниците во НОБ, кое ќе биде санкционирано и низ повеќе други акти од стопански и социјален карактер.

Имајќи чувство за реалност во дадените услови, во кои селанството како масовен учесник во НОБ бараше итно решавање на аграрното прашање, Владата го потенцира разрешувањето на колонистичкиот проблем, односно правилната прераспределба на земјата одземена од македонските селани во периодот 1919-1944 година од страна на бившите режими[28]. Исто така, се потенцира прашањето со државните имоти, а се предвидуваат низа други мерки од социјалната сфера, просветата, здраството, правосудството итн.

Покрај стопанската обнова, во духот на сојузната Декларација на Владата на ДФЈ од 9 март 1945 година[29], подобрувањето на животниот стандард и материјалната положба на народот се поврзува со „борба против воените богаташи, шпекуланти, црноберзијанци, саботери, укривачи на стоки“ итн.[30] Ваквата објава значела јавен повик за безмилосно расчистување со „народните“ и „класните непријатели“. Така се случуваат низа аномалии и репресија врз поимотните слоеви од градот и селото, проследени со волунтаризам на властите и газење врз честа и достоинството на поединците. Притоа, во непочитувањето на правните норми, често, се губела мерката за реалност,

---

[28] Виолета Ачкоска, *Разрешувањето на колонистичкиот проблем во Република Македонија 1945-46 година*, Гласник на ИНИ, XXXIV/1-2, Скопје 1990, 33-46; Виолета Ачкоска, *АСНОМ и проблемот на бившите колонисти во Федерална Македонија*, Зборник *„АСНОМ - педесет години македонска држава 1944 - 1994“*, Ману-ИНИ, Скопје 1995, 219-233.

[29] Во Декларацијата на Владата на ДФЈ биле изнесени основите на внатрешната и надворешна политика: продолжување на НОБ до дефинитивниот крај на војната; работа за приклучување кон Југославија на „националните“ територии на северозапад и север кои по Првата светска војна припаднале на Италија; рамноправност на народите; гарантирање на граѓанските слободи и политички права; стопанска обнова на земјата и спроведување на аграрна реформа и колонизација; зацврстување на понатамошната соработка со сојузниците и со соседните балкански народи (Архив на Југославија, ф: Влада на ФНРЈ – Претседателство на владата, 50-30-52).

[30] *Прва влада на Македонија*, документи, исто. Печатот од 1945 година изобилува со написи за борбата против шпекулацијата и црната берза. Исто така, од бројната документација од овој период, било од државна, било од партиска провиниенција, може да се согледа проблемот на црната берза и шпекулацијата и да се развлечат нивните вистински димензии, наспроти идеолошко-политичката обоеност на агитпропските и други акции за нивното сузбивање. Во тој смисол карактеристични се написите: Љупчо Арсов, *За борба против шпекулата*, „Нова Македонија“, год. II/77, 3.04.1945; *Во борбата против шпекулата треба да учествуваат сите патриоти*, „Нова Македонија“, год. II/78, 4.04.1945 и др.

па во арсеналот на непријателите биле втурнати бројни чесни домаќини и граѓани.

Владата според својата функција, како извршен орган на Народното собрание на Македонија донесуваше уредби, наредби, напатствија и друго заради извршување на поеделните собраниски закони, а истовремено имаше право на законодавна иницијатива во Собранието[31]. Набрзо, заради постигнување поголема оперативност во работата, Владата доби законско овластување да донесува прописи со законодавна сила од областа на стопанството и економската обнова и од областа на експропријација на имоти од општ интерес. Истовремено со тоа, била поставена и обврската овие прописи да бидат потврдени од страна на Народното собрание[32]. Овие овластувања републичката влада, всушност, ги добила аналогно на сојузните овластувања кои ги имала Владата на ФНРЈ[33], а кои произлегле од чл. 78 од Уставот[34].

Иако процесот на поцврсто врзување на ДФМ кон централните органи на федерацијата започнал порано, сепак, условно, со изборот на првата Народна влада на Македонија на чело со Лазар Колишевски („доверлив човек на Белград“) започна периодот во кој раководните структури во Републиката беа преземени од кадри со силна комунистичка пројугословенска ориентација, кадри кои ги проглaсуваа за „непријателски“ изјавите и барањата за поголема самостојност на Македонија во однос на сојузните ингеренции. Така, бројни македонски дејци со богати биографии на национални борци од двата Илиндена, учесници во антифашистичкото движење или предвоени комунисти, луѓе кои уживале авторитет сред народот, повеќето членови на Президиумот на АСНОМ[35], постепено беа

[31] Член 6 и 7 од Закон за Народната влада на Македонија, *Првата Народна влада...*, 39.

[32] Закон за овластување на Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата и Закон за овластување на народната влада на Народна Република Македонија да донесе уредби за експропријација на недвижните имоти од општ интерес и да ја одредуе височината на накнадата за тија експропријации, Службен весник на НРМ, 29/1946.

[33] Закон о овлашќењу Влади ФНРЈ за доношење уредаба по питањима из народне привреде (Службени лист ФНРЈ, 12/1946).

[34] Архив на Југославија, 50-30-52 (К. бр. 300 од 2.02.1946 год.)

[35] Меѓу нив беа: Методија Андонов Ченто, Панко Брашнаров, Павел Шатев, Владимир Полежина (Полежиновски), Богоја Фотев, Венко Марковски, Петре Пирузе, Кирил Петрушев, Генадие Илиев Лешков, Лазар Соколов, Ќирил Ќамилов итн. (Види го составот на првиот избран Президиум: АСНОМ, документи том I, книга 1, АМ, Скопје 1984, док. бр. 50, 169-170; док. бр. 58, 209; док. бр.65, 218-219).

етикетирани со најразлични идеолошки дисквалификации и еден по еден завршија како „народни непријатели“.

Спротивставувајќи се на пројавениот индивидуализам и поинакви ставови во однос на пропагираниот колективен ум, уште со првиот настап како претседател на Народната владата на ДФМ, Колишевски зазема негаторски став кон истите. Особено на критика ги изложува барањата за целосното или некое поинакво решавање на македонското национално прашање, оценувајќи го македонскиот „сепаратизам“ како една од големите опасности за авнојска Југославија[36].

Со изборот на Лазар Колишевски на чело на Владата, конечно доаѓа до дуплирање на највисоките функции (партиска и извршна) во рацете на еден човек со што многустрано се зголемувала неговата политичка моќ. Наместо бројните асномски дејци, докажани револуцинери, стари комунисти и антифашисти, речиси на сите раководни места во институциите на државната власт и управа, како и во судството, биле поставени само доверливи луѓе на Колишевски, кадри кои не можеле со ништо да го загрозат неговиот политички примат. Притоа, први на ударот на партиската репресија, во новите услови, беа претставници на малубројната македонска интелигенција заради нивните самостојни или поинакви гледишта. Сето тоа се одвиваше низ процесот на градењето на култот на „Тито-Лазо“, низ силен агитпроп во кој се презентираше само една вистина и низ кој започна процесот на пренасочување на македонската национална идентификација кон југословенската. Тоа значеше крај на асномскиот и почеток на нов период во историјата на современата македонска држава.

(Рецензент: *проф. д-р Даринка Петреска*)

---

[36] Види: Лазар Колишевски, *Основната опасност за братството и единството на нашите народи е сепаратизмот*, "*Аспекти на македонското национално прашање*", „Култура“, Скопје 1962, 21-26.

Violeta ACHKOSKA

# THE POLITICAL CONDITIONS DURING THE FOUNDATION OF THE FIRST NATIONAL GOVERNMENT OF MACEDONIA


## Abstract

*The first National government of the Democratic Federal Macedonia was constituted in conditions of complex international and internal political relations. In the new macedonian state, were coming questions which consider the relations of the big alliances-the solving of the macedonian national question, and the communistic option too with whom Yugoslavia came out from the frames of the agreement Cherchil-Stalin about the dividing „half-half" of fields of influence. On internal plan proceses of tranzition were happening in the political and the economic system.The role of Communist Party became stronger and the centralization in the federation also, on the count of the republical jurisdictions. The debates were in public about the intruded option that the macedonian question is finaly solved like yugoslavian one. The special role in this processes acted the first National government, with what started a new faze in the development of DFM.*


***Keywords:*** *MACEDONIAN QUESTION, GOVERNMENT, FEDERATION, REPUBLIC, SEPARATIZM, AUTONOMY, ASSEMBLY, DECLARATION.*